# И З В Е Ш Т А Ј
# ЗА РЕАЛИЗАЦИЈАТА НА БУЏЕТОТ ЗА СУДСКА ВЛАСТ
# ЗА 2005 ГОДИНА

## I. *ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈАТА НА БУЏЕТОТ ЗА СУДСКА ВЛАСТ ЗА 2005 ГОДИНА-ОСНОВЕН БУЏЕТ И БУЏЕТ НА СОПСТВЕНИ ПРИХОДИ*

### 1. Реализација на Буџет судска власт за 2005 година, *степен на искористеност*

Судскиот буџет за 2005 година со кој се финансира судската власт во Република Македонија е усвоен со Закон за извршување на Буџетот за 2005 година (Сл.весник на РМ бр. 96/2004), со негово изменување и дополнување (Сл.весник на РМ бр. 63/2005 година).

Судскиот буџет е определен како дел од Буџетот на Република Македонија, односно приходите на судскиот буџет се средствата определени од Буџетот на Република Македонија.

Во 2005 година, со Одлука на Судскиот Буџетски Совет бр. 89/05 од 04.02.2005 год. средствата од делот "Судска власт" се распределени на судовите на годишно ниво, при кое распределување, најмалку 2% задолжително се издвојуваат за стручно усовршување на судиите.

Капиталните расходи се операционализирани со Годишната Програма за инвестициони активности во судовите за 2005 година бр. 161/05 од 01.03.2005година и Измена Годишната Програма за инвестициони активности во судовите за 2005 година на 41-1/06 од 23.01.2006 година (состојба 31.12.2005 година), а се однесуваат на вкупните капитални расходи за судовите и за инвестиционо одржување на објектите и опремата на судовите.

**Со Изменувањето и дополнувањето на Буџетот на Република Македонија за 2005 година,** разделот "Судската власт" е изменет само во категоријата 40-плати и надоместоци, со зголемување во апсолутен износ од 45.934.000 денари, односно за 3,9% од одобрените средства со Буџетот за 2005 година.




| | Вкупно 40-плати и надоместоци | Вкупно 42-тековни расходи | Вкупно 48-капитални расходи | Вкупно буџет |
|---|---|---|---|---|
| вкупно по ставки буџет 2005 РЕБАЛАНС | 957.000.000 | 211.471.000 | 48.920.000 | 1.217.391.000 |
| вкупно по ставки буџет 2006 програма 20-судска администрација | 1.084.027.000 | 121.300.000 | 50.144.000 | 1.255.471.000 |

вкупно по ставки буџет 2005 РЕБАЛАНС ■ вкупно по ставки буџет 2006 програма 20-судска администрација

Анализата за реализацијата на Судскиот буџет за 2005 година, замајќи ги во предвид сите категории кои ги сочинуваат (*плати, наемнини и надоместоци, тековни расходи и капитални расходи), третира два аспекта на реализација на судскиот буџет:*

*реализација во однос на одобрен план и*

*реализација во однос на одобрен буџет.*

Реализацијата на судскиот буџет за 2005 година во однос на одобрениот буџет покажува релативен показател од ***96,81%*** кој во однос на реализацијата на судскиот буџет за 2004 година (95,6%) бележи ***зголемување од 1,21%.***

Реализацијата на судскиот буџет за 2005 година во однос на одобрениот план покажува релативен показател од ***99,14%*** односно **високо ниво на искористеност на одобрениоте средства за судската власт.**

По категории реализацијата ги бележи следните релативни показателите:

**категорија 40**-плати, наемнини и надоместоци релативен показател на реализација од 96,98% по првиот аспект, односно 99,96% по вториот аспект;

Во 2005 година Судскиот Буџетски Совет достави до Владата на Република Македонија:

**Детална Програма за вработување во судската администрација, (со посебен дел за приоритените вработувања во судската администрација);**

При изготвувањето на деталната Програма за вработување во судската администрација, (со посебен дел за приоритените вработувања во судската администрација), Судскиот Буџетски Совет и Министерството за финансии, врз основа на одобрените средства во Буџетот на РМ за 2005 година, за раздел 29010-судска власт, за категоријата 40-плати, наемнини и надоместоци за вработените, утврди конечен преглед на можни вработувања во судската администрација во 2005 година;

Врз основа на усогласениот изготвен конечен преглед на можни вработувања во судската администрација во 2005 година, врз основа на одобрените средства во Буџетот на РМ за 2005 година, за раздел 29010-судска власт, за категоријата 40-плати, наемнини и надоместоци за вработените, истиот е доставен до Владата на Република Македонија и е добиена согласност за вработувања бр. 17-3620/2 од 15.03.2005 година.

***Вкупниот број на новопримени државни службеници во судовите изнесува 145 од кои:***

| | |
|---|---|
| стручни соработници | 129 |
| државни советници | 2 |
| виши соработници | 13 |
| помлад референт | 1 |

Согласно допис од Министерството за финансии бр. 07-1379/1 од 18.01.2005 година, врз основа на донесениот Буџет на Република Македонија за 2005 година, за судската власт пополнувањата на упразнетите работни места, согласно законите треба се пополнуваат редовно и веднаш и со барање доставено до Министерството за финансии.

По тој основ во 2005 година, а по барањата за упразнети работни места и добиени согласности од Министерството за финансии бр. 17-7201/2 од 25.03.2005 година; 17-10844/2 од 27.04.2005 година; 17-19526/2 од 06.12.2005 година; 17-25512/2 од 12.12.2005 година; 17-25514/2 од 12.12.2005 година ***пополнети се 48 работни места и тоа за следните работни места***:

| | |
|---|---|
| - раководители на сектор | 1 |
| - виши соработници | 4 |
| - државни советници | 1 |
| - стручни соработници | 3 |
| - виши референти | 11 |
| - референти | 13 |
| - самостојни референти | 6 |
| - хигиеничари | 6 |
| - хаусмајстор | 3 |

5. Во 2005 година, ***спроведени се и превземања во судовите од Министерството за правда, за вкупно 15 работни места***, за кои превземања се добиени согласности од Министерството за финансии бр. 17-13258/4 од 31.05.2005 година; 17-16822/2 од 20.06.2005 година и 17-29458/4 од 25.10.2005 година. ***Превземањата се однесуваат за работни места:***

| | |
|---|---|
| - помлад референт | 13 |
| - самостоен референт | 1 |
| - помлад соработник | 1 |

6. Во 2005 година, ***спроведени се и превземања од Владата на Република Македонија, согласно програма К-реформа на јавната администрација, потпрограма К5-соодветна и правична застапеност на заедниците.*** За овие превземања се добиени согласности од Министерството за финансии бр. 17-20531/2 од 19.07.2005 година; 17-25103/2 од 26.09.2005 година; 17-16821/3 од 24.06.2005 година; 17-29893/2 од 21.10.2005 година, ***а кои се однесуваат за вкупно 7 работни места***-работно место-помлад референт.

- категорија 42-тековни расходи релативен показател на реализација од 96,75% по првиот и вториот аспект (детално образложение следи во анализата);

- категорија 48-капитални расходи релативен показател на реализација од 93,85% по првиот и вториот аспект. (детално образложение следи во анализата)

Забелешка: Ако процент на искористеност кај категоријата 42-тековни расходи за 2004 година, беше со показател на искористеност од 46,17%, тој во 2005 година е со искористеност од 96,75%, *или поголема изкористеност за 50,58%.*

Капиталните расходи ако со Годишната Програма за инвестициони активности во судовите за 2004 година, беа со релативен показател на искористеност од 90,33%, во 2005 година реализацијата на капиталните инвестициони активности во релативен показател е 93,85%, *или поголема изкористеност за 3,52%.*







***Реализација на Буџет судска власт за 2005 година, динамика на реализација на судскиот буџет за 2005 година***

Со целосната евиденција на одобрените и реализирани средства во судскиот буџет за 2005 година, анализата пристапува кон проучување на динамиката на реализација на тековниот буџет.

Имајќи ги во предвид сите ставки одобрени со буџетот, одобрени со планот и нивната реализација, параметрите ги бележат следните отстапувања:

- неискористеност на средствата од категоријата 40-плати и надоместоци и остаток во износ од 28.923.866 денари;

повеќе одобрени средства со пренамена на ставка 421-комунални услуги, ПТТ услуги, телекомуникации и транспорт во износ од 8.500.000

денари и нивна искористеност од 98,64%. Пренамената е извршена од ставка 424-тековно одржување и согласност на Министерството за финансии бр. 07-33584/2 од 24.11.2005 година;

повеќе одобрени средства со пренамена на ставка 481-градежни објекти во износ од 2.000.000 денари и нивна искористеност од 98,63%. Пренамената е извршена од ставка 483-опрема и согласност на Министерството за финансии бр. 07-36622/2 од 16.12.2005 година.




***Реализација на Буџет судска власт за 2005 година,***

***Успешност на реализација на судскиот буџет за 2005 година по ставки и единки корисници***

Утврдувањето на успешноста на реализација на судскиот буџет за 2005 година по ставки, со користење на статистичкиот метод, методот на анализа и синтеза и компаративниот метод, поаѓа од следните аспекти:

*успешност на реализација на судскиот буџет за 2005 година по одобрени ставки;*

*успешност на реализација на судскиот буџет за 2005 година по единки корисници-судови;*

*успешност на реализација на судскиот буџет за 2005 година по апелациони подрачја.*

Доколку се анализира успешноста на реализација на судскиот буџет за 2005 година по ставки во целина со сите програми предвидени со одобрениот буџет и план за 2005 година, највисок степен на искористеност имаат: **ставката 421**-комунални услуги, ПТТ, телекомуникации и транспорт со показател од 98,64%, **ставката 481-градежни работи**, кои се со 98, 63% и **ставката 424-договорни услуги**, со показател од 98,19%.

Ако се анализира успешност на реализација на судскиот буџет за 2005 година по единки корисници-судови, ***просечната искористеност е 99,14%***, со максимална искористеност од 100% за ОС Битола, ОС Тетово и ОС Штип. Минимална искористеност од 93,53% имаат централизираниот дел на ставките кај судската власт, предизвикана од нецелосното реализирање на инвестиционата програма во делот на опремувањето на судовите.

Разгледувајќи ја успешноста на реализација на судскиот буџет за 2005 година по апелациони подрачја, искористеноста на категоријата 42-стоки и услуги е најниска за апелационо подрачје Скопје, со релативен показател од 94,09%.

За категоријата 48-капитални расходи, графичкиот приказ покажува дека апелационо подрачје Битола, со Годишната програма за инвестирање во судовите за 2005 година има приоритет во инвестиционите активности од една страна, а искористеноста на планираните средства е 99,17%. Планираните инвестициони активности за Апелационо подрачје Скопје се со степен на искористеност 96,05%, а искористените средства за планираните капитални работи за апелационо подрачје Штип е 95,98%.




| | плати | придонеси | други давачки | патни и дневни трошоци | комунални услуги | материјали | одржување | договорни услуги | оперативни трошови | градежни работи | други инвестицини работи | опрема |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Сериес1 | 95,17 | 101,70 | 87,81 | 69,67 | 109,26 | 96,13 | 44,14 | 98,19 | 96,37 | 104,86 | 97,08 | 68,73 |




| | 40 | 42 | 48 |
|---|---|---|---|
| Апелациона подрачје Скопје | 98,74 | 94,09 | 96,05 |
| Апелациона подрачје Штип | 99,42 | 99,95 | 95,78 |
| Апелациона подрачје Битола | 99,84 | 99,96 | 99,17 |

***Реализација на Буџет судска власт за 2005 година,***
***Успешност на реализација на судскиот буџет за 2005 година по програми***

Во рамките на одобрениот Судски Буџет за 2005 година, усвоени се две годишни програми:

1. Годишна програма за едукација на судии и судска администрација за 2005 година и
2. Годишна Програма за инвестирање во судовите за 2005 година.

**Годишната програма за едукација на судии и судска администрација** за 2005 година е усвоена со 9.000.000 денари, а опфаќа обука на судии и судска администрација во повеќе сегменти.

Истата за 2005 година е реализирана со 46,20% од одобрените средства. Ако истата се разгледува по сегменти, најголем процент на реализација се забележува кај спроведувањето на специјализираните курсеви (англиски јазик и обука за компјутери).




Средствата од ставка 425, која опфаќа при распределувањето на средствата по судовите и најмалку 2% задолжително издвојување за стручно усовршување на судиите, што во апсолутен износ се планира со 23.000.000 денари, е со годишно одобрен план од 20.962.054 денари и вкупна реализација заедно со усвоената Годишна Програма за едукација на судии и судска администрација од 16.120.187 денари.

Релативната искористеност на централизираниот дел на ставката 425-договорни услуги во однос на планот е 76,90%, што претставува далеку поуспешен процент на реализација во однос на 2004 година.

Голем дел од реализираниот показател отпаѓа на превземените обврски од судовите по основ на судски вештачења кон Институтот за судска медицина и криминалистика во вкупен износ од 5.580.878 денари.



**Годишна Програма за инвестирање во судовите за 2005 година**, со целосен увид во реализацијата на истата по ставки и збирно е прикажна илустративно.

Структура на параметри за инвестиционата програма за 2005 година




| | буџет за капитални расходи за 2005 | пренесени обврски од 2004 | распределба по барање на судови за 2005 |
|---|---|---|---|
| 481 градежни објекти | 31.650.000 | 9.180.000 | 62.257.000 |
| 482 други градежни објекти | 3.000.000 | 0 | 5.006.182 |
| 483 купување на мебел, опрема, возила и машини | 14.270.000 | 3.130.000 | 40.345.200 |

буџет за капитални расходи за 2005




Имено, просечниот процент на реализација на Програмата за горенаведената намена изнесува 93,85%, или по ставки:

ставка 481-градежни објекти релализација од 96,72%;

ставка 482-други градежни објекти реализација од 96,29% и

ставка 483-купување на мебел, опрема и др. реализација од 84,69%.

Ако пак се анализира динамиката на реализација на Годишната програма за инвестирање во судовите за 2005 година по квартали,

најголеми инвестициони активности се забележани во последниот квартал од годината.

Основен проблем и понатаму останува големиот износ на заостанатите нереализирани обврски на судовите, а кои го попречуваат функционирањето на основната дејност на судовите. Како споредбен податок за буџетската 2004 година, состојба 31.12.2004 година износот на нереализираните обврски за судската власт ***изнесуваше 72.848.687 денари*** или, за обврски до 30 дена износ од 14.133.239 денари; обврски до 60 дена износ од 8.732.087 денари и обврски над 60 дена износ од 49.983.362 денари.

Според официјалните податоци доставени од судовите и збирниот преглед дотавен до Министерството за финансии, нереализираните обврски за судската власт, состојба 31.12.2005 година ***изнесува 82.155.906 денари и тоа:***

за обврски до 30 дена износ од 14.578.082 денари;
за обврски до 60 дена износ од 9.667.830 денари;
за обврски над 60 дена износ од 58.145.283 денари.

Од приложеното се согледува дека и во 2005 година обврските над 60 дена, кои всушност се и заостанатите нереализирани обврски на судовите од предходните години учествуваат со *70,77%,* односно бележат *зголемување во однос на 2004 година за 2,16%.*

Ако се земе во предвид структурата на заостанатите нереализирани обврски на судовите по ставки најголемите долгови се однесуваат на:

- *ставката за комуникации и транспорт*, со заостанати обврски во износ од 29.971.999 денари;
- *ставката за договорни услуги* (преводи, судски вештачења, договорни услуги и сл), со заостанати обврски во износ од 24.494.630 денари и
- *ставката за оперативни трошоци на судовите*, со заостанати обврски во износ од 21.717.756 денари.

Работењето на судовите во 2005 година, по операционализацијата на судскиот буџет, подлегна и на редовни ревизиски контроли од Заводот за државна ревизија на Република Македонија, меѓу кои беше и извршената ревизија на Судскиот буџет за 2004 година со препораки наведени во Извештајот од ревизијата бр. 10-563/1 од 23.05.2005 година. Во извештајот не е утврдено ненаменско користење на буџетските средства и извештаите вистинито ја прикажуваат финансиско-материјалната состојба на судскиот буџет.

***Заклучоци на Судскиот Буџетски Совет од анализата за реализација на судскиот буџет за 2005 година-ОСНОВЕН БУЏЕТ:***

Со годишната распредеба на средства по единки корисници во 2005 година е направена правилна распределба на средствата на седница на Советот, поединечно за секој суд, согласно релативните показатели за искористеност на средствата по одделни ставки;

Тековната реализација на распределените буџетски средства по судови е и останува обврска на секој претседател на суд, кој е одговорен за извршувањето на годишно распределениот буџет за соодветниот суд;

Да се продолжи со редовните ревизиски контроли од Заводот за државна ревизија на Република Македонија, заради сугестии мислења и препораки до финансиските службеници во судовите за правилното финансиско и сметководствено работење;

Контрола на извршувањето на судскиот буџет да се следи и согласно одредбите од Законот за буџетите и Законот за извршување на Буџетот на Република Македонија;

Покрај законската рамка за спроведување на Законот за судски буџет и неговата операционализација, во функционирање на судскиот буџет треба повеќе да се промовира принципот на транспарентност во работата на судската власт, заради:

рамноправна информираност на единките корисници за функционирањето на судскиот буџет;

информираност на медиумите за тековните активности во судската власт;

информираност на граѓаните за начинот на работа со државните средства одобрени за судската власт;

понатамошно развивање на независноста и ефикасноста на судскиот систем во Република Македонија;

6. Да се зајакне контролата во трошењето на буџетските средства преку следните инструменти:

трезорскиот систем на Република Македонија;

централизираната распределба на средствата по судовите и тековното и секојдневното следење на спроведување на активностите;

донесените годишни програми за едукација на судии и судска администрација и инвестиционите активности;

спроведување на ревизиски контроли, кај единките корисници;

Заради олеснување на состојбата околу плаќање на трошоците за достава на пошта, кои го обременуваат буџетот на судовите да се разгледа можноста за склучување на договор со ЈП Македонски пошти за склучување на договор за повластени цени на поштенските услуги. Покрај измените во процесните Закони, потребно е овој проблем да се реши и на ниво на судска власт преку воспоставување на контролни механизми на услугите кои ги даваат Македонски пошти. Во таа смисла Договорот со ЈП Македонски пошти треба да ги утврди правата и обврските во поглед на доставувањето, што би довело до квалитативен прогрес во решавањето на проблемите со доставата;

Покрај горенаведениот заклучок, да се разгледа и можноста за дополнително преземање на доставувачи од Министерството за правда. За таа цел Министерството за правда треба да достави збирен преглед со детелни квалификации на сите лица кои што можат да се преземат во судската власт (покрај доставувачи и останати административни работници), во рамките на судската администрација;

9. Извршените пренамени на буџетските средства во текот на 2005 година, за раздел 29010-судска власт, предизвикуваат измени во одобрените средства кај буџетските корисници. Конечните одобрени средства, согласно учеството на секој суд во распределбата на средствата

на судскиот буџет состојба 31.12.2005 година, *треба да се сублимира во Измена на годишната распределба на средства за 2005 година за единките корисници на судската власт за буџетските сметки. Советот Измената ја одобрува со Одлука.*

### *5. Реализација на сопствените приходи на судовите за 2005 година*

Со судскиот буџет определен како дел од Буџетот на Република Македонија, покрај редовното работење на судовите се планира, усвојува и операционализира и буџетот на сопствените приходи на судовите. ***Во 2005 година годишниот одобрен буџет за сопствени приходи на судовите беше утврден на 63.818.000 денари, а неговата годишна реализација е во износ од 62.080.016 денари, или во релативен показател реализација од 97,28%.*** При операционализацијата на овие приходи во 2005 година е одобрен годишен план за трошење во износ од 73.814.730 денари, односно поголем износ од утврдените буџетски средства. Одобреното проширување на планот за трошење на средствата на сметките за сопствени приходи во судовите е со согласност од Министерството за финансии 07-36626/2 од 16.12.2005 година, а во износ од 9.996.730 денари.

Состојбата презентира согледувања дека во текот на 2005 година, судовите самостојно оствариле приходи, со кои се потпомага остварувањето на дејноста на судската власт, како дополнителен извор на средства. На сметките на сопствени приходи судовите заклучно со 31.12.2005 година доколку имаат остаток на приходи, истите се пренесуваат во наредната година. Со почнувањето на новата буџетска и фискална година, истите салда се пренесени со можност за трошење во 2006 година.

Со Ребалансот на Буџетот на Република Македонија, разделот "Судската власт" не се извршени измени на буџетски одобрените средства за сопствени приходи на судовите за 2005 година, вкупниот буџет за оваа намена остана непроменет.

***6. Анализата на реализацијата на сопствените средства на судовите за 2005 година,*** замајќи ги во предвид сите категории кои ги сочинуваат (*плати, наемнини и надоместоци*, *тековни расходи и капитални расходи),* покажува релативен показател на реализација во однос на одобрениот буџет за сопствени приходи во 2005 година од 97,28% што во однос на реализацијата на овие сметки во 2004 година (89,93%), значи реално зголемување на искористеност од 7,35%.

По категории показателите се следни:

**за категорија 40**-плати, наемнини и надоместоци релативен показател на реализација од 0,00% (нема реализација на сопствните приходи за плати и надоместоци);

**за категорија 42**-тековни расходи релативен показател на реализација од 97,39% (најголем дел од средствата на сметките за сопствени приходи се трошат за тековни расходи во судовите, како дополнување на одобрените средства на буџетските сметки);

за категорија 48-капитални расходи релативен показател на реализација од 61,48% (дел од средствата на сметките за сопствени приходи се трошат и за капитални расходи во судовите, пред се за интервенти мали инвестициони активности).




| | вкупно 40 | вкупно 42 | вкупно 46 | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| вкупно по ставки буџет 2005 | 0 | 63.608.000 | 210.000 | 63.818.000 |
| годишен план вкупно по ставки 2005 | 0 | 73.320.860 | 493.870 | 73.814.730 |
| реализација вкупно по ставки 2005 | 0 | 61.950.912 | 129.104 | 62.080.016 |




| | вкупно 40 | вкупно 42 | вкупно 48 | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| вкупно по ставки буџет 2004 | 3.569.000,00 | 64.784.000,00 | 371.000,00 | 68.724.000,00 |
| вкупно по ставки буџет 2005 | 0,00 | 63.608.000,00 | 210.000,00 | 63.818.000,00 |

***Заклучоци на Судскиот Буџетски Совет од анализата за реализација на судскиот буџет за 2005 година-БУЏЕТ НА СОПСТВЕНИ ПРИХОДИ:***

Сопствените приходи на судовите се со поголема флексибилност на трошење, иако подлежат на трезорското работење како и буџетските средства.

Тековната реализација на годишно распределените буџетски средства за сопствени приходи на судовите, е обврска на секој претседател на суд, кој е одговорен за извршувањето на годишно распределениот буџет за сопствени приходи за соодветниот суд.

Сметките за сопствени приходи на судовите да подлежат на редовни ревизиски контроли од Заводот за државна ревизија на Република Македонија, со констатирање на неправилности во процесот на извршувањето на судскиот буџет во судовите.

Контрола на извршувањето на сметките за сопствени приходи да се врши и согласно одредбите од Законот за буџетите и Законот за извршување на Буџетот на Република Македонија

Во презентацијата да се дополни процентуалното учество на сопствените приходи во однос на буџетските приходи на Судскиот буџет;

Извршените пренамени на буџетските средства во текот на 2005 година, за раздел 29010-судска власт, предизвикуваат измени во одобрените средства за користење на сопствените приходи кај буџетските корисници. Конечните одобрени средства, согласно учеството на секој суд во распределбата на средствата на судскиот буџет-сопствени приходи состојба 31.12.2005 година, *треба да се сублимира во Измена на годишната распределба на средства за 2005 година за единките корисници на судската власт за сметките за сопствени приходи. Советот Измената ја одобрува со Одлука.*

*Скопје, јануари 2006*